РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1100
12-06-2015 год.
Скопје

Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
СКОПЈЕ
Примено: 07-07-2015
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
03-767/1

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15 и 20/15 ), министерот за образование и наука донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиските програми по Политички науки и човекови права од втор циклус едногодишни и двегодишни студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми по Политички науки и човекови права од втор циклус едногодишни и двегодишни студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација, Решение бр.13-99/3 од 03.09.2014 година за акредитација на студиска програма по Политички науки и човекови права, втор циклус едногодишни студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и Решение бр.13-99/4 од 03.09.2014 година за акредитација на студиска програма по Политички науки и човекови права, втор циклус двегодишни студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Институтот во Скопје се обрати со барање бр. 03-535/1 од 15.05.2015 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 14-1100 од 19.05.2015 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми по Политички науки и човекови права од втор циклус едногодишни и двегодишни студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 14-1100/2 од 28.05.2015 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 01.06.2015 година, изврши увид и изготви Извештај бр.14-1100/3 од 02.06.2015 година, каде е наведено дека за студиската програма по Политички науки и човекови права од втор циклус едногодишни и двегодишни студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
Abdilaqim Ademi

Доставено до:
- Примач
- Архива

изработил: Билјана Ивковска
контролиран: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити